Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) а согласно член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од Кристијан Димков, поднесена против Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 25.12.2023 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Жалбата изјавена од Кристијан Димков, поднесена против Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, заведена во Агенцијата под бр.08-444 на 14.12.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

2. СЕ НАЛОЖУВА на Имателот на информации, да постапи по Барањето на Барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Кристијан Димков, преку електронска пошта на 17.11.2023 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, со кое побарал по е-маил да му се достави електронски запис од следната информација:

„До каде е спроведувањето на точка 3 од Анекс Ц – Имплементација и мерки за градење на довербата согласно Охридскиот Рамковен Договор ".

Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок поднел Жалба, заведена во Агенцијата под арх. бр. 08-444 на 14.12.2023 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-444 од 14.12.2023 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-444
25.12 2023 од.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Директор,
Пламенка Бојчева